**ЗАПИСНИК**
**Од 35-та седница на Советот на Општина Бутел**
**одржана на 16.01.2024 година, со почеток во 10:00 часот**

Скопје, јануари 2024 година

СОВЕТ НА ОПШТИНА БУТЕЛ
Бр.08-

**ЗАПИСНИК**
**Од 35-та седница на Советот на Општина Бутел**
**одржана на 16.01.2024 година, со почеток во 10:00 часот**

Триесет и петата седница на Општина Бутел се одржа на 16.01.2024 година, во салата за седници во Општина Бутел.

На седницата присуствуваа советниците: Игор Николов, Никола Божиновски, Јасмина Кирковска, Игорче Милановски, Оливера Николовска, Весна Ѓорѓевска, Теодора Спасенцовска, Александар Ѓорѓевски, Стојан Петкуќевски, Ѓокица Божиновски, Сељвете Муртези, Чедо Николовски, Оливера Ливриниќ, Мартин Бошковиќ, Аљајдин Сали, Љејља Исени, Сеад Арслани, Самир Исени, Дарко Димовски.
Отсутни: Нема

На седницата исто така присуствуваа и Секретарот на Општина Бутел г. Вене Тасев, раководителот на секторот за финансиски прашања г. Андреј Димов и раководителката на одделението за јавни дејности и месна самоуправа г-ѓа Каролина Насковска.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Советот д-р Игор Николов.
Претседателот на Советот констатираше дека на седницата присуствуваат мнозинство членови и дека Советот може полноважно да одлучува.

Претседателот на Советот д-р Игор Николов извести дека Записникот од 34-та седница е доставен до советниците и отвори расправа по истиот.

За збор се пријави советничката Оливера Ливриниќ и изјави дека има забелешки во однос на Записникот од 34-та седница. Советничката истакна дека нејзината изјава за буџетот не е целосно забележана во Записникот и недостасува суштината на нејзиното обраќање. Советничката нагласи дека е свесна дека се што е кажано на седницата не може да биде запишано во Записникот, но побара да се додадат нејзините забелешки во однос на буџетот. Советничката се изјасни дека го поддржува развојниот буџет на општината, но како советничка група гласале воздржано, бидејќи имале забелешки за некои делови од предложените програми и замоли овие забелешки да бидат внесени во Записникот од 34-та седница.

За збор се пријави советникот Чедо Николовски и изјави дека има забелешка во однос на Записникот од 34-та седница. Советникот побара да се додаде неговата изјава за заслужен граѓанин, односно заслужен граѓанин да биде прогласен за доживотен период, да прима надомест во износ од една минимална плата, секој месец, доживотно и
како прв заслужен граѓанин го предложи Абдула Мемеди.

За збор се пријави советникот Самир Исени и изјави дека има забелешка во однос на Записникот од 34-та седница, односно не е внесено последното прашање што тој го поставил на крајот на седницата и замоли истото да се додаде во Записникот.

Претседателот на Советот д-р Игор Николов го стави Записникот од 34-та седница на гласање и констатира дека Советот со 18 гласа „ЗА“, нема „ ПРОТИВ“, нема „ВОЗДРЖАНИ“ и истиот го усвои.

За ова седница беше предложен следниот

**ПРЕДЛОГ-ДНЕВЕН РЕД:**

а) Усвојување на Записникот од 34-та седница на Советот на Општина Бутел.

1. Предлог-Програма за здравствена, социјална заштита и заштита на деца за 2024 година.
2. Предлог-План за измена и дополнување на Планот на програмите за развој на Општина Бутел за 2024 година.
3. Предлог-Измени и дополнувања на Буџетот на Општина Бутел за 2024 година.

Претседателот на Советот отвори расправа по предлог-дневниот ред.

За збор се пријави Секретарот на Општина Бутел г. Вене Тасев и побара дополнување на дневниот ред со дополнителна точка: Предлог-Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за доделување на спортски стипендии на спортисти на Општина Бутел.

Бидејќи никој не се пријави за збор, Претседателот на Советот д-р Игор Николов го стави на гласање Предлог-дневниот ред со дополнителната точка.

Советниците со 18 гласови „ЗА“, нема „ПРОТИВ“ и нема „ВОЗДРЖАНИ“ го усвоија предложениот дневен ред.

**По првата точка од дневниот ред Предлог-Програма за здравствена, социјална заштита и заштита на деца за 2024 година,** збор и беше даден на претседателката на комисијата за општествени дејности г-ѓа Оливера Николовска да даде извештај по оваа точка.

Советничката истакна дека комисијата ја разгледа и прифати Предлог-Програмата за здравствена, социјална заштита и заштита на деца за 2024 година и ја доставува до Советот да ја донесе во продолжениот текст.

Збор и беше даден на раководителката на секторот за јавни дејности и месна самоуправа г-ѓа Каролина Насковска да даде детално образложение по оваа точка.

Раководителката на секторот за јавни дејности и месна самоуправа г-ѓа Каролина Насковска даде детално образложение по Предлог-Програмата за здравствена, социјална заштита и заштита на деца за 2024 година.

Претседателот на Советот д-р Игор Николов отвори расправа по првата точка.

За збор се пријави советничката Оливера Ливриниќ и изјави дека би сакала да ги пофали службите дека одлично ја сработиле работата, бидејќи програмата го опфаќа најгорливиот проблем кој е застапен во сите општества. Советничката нагласи дека очекува дека програмата ќе се прошири и ќе бидат опфатени повеќе целни групи, но сепак суштината е опфатена. Исто така упати апел програмата да биде реализирана во Општина Бутел, да не остане само на хартија.

За збор се пријави раководителот на секторот за финансиски прашања г. Андреј Димов и го образложи финансискиот дел од програмата за здравствена, социјална заштита и заштита на деца за 2024 година.

За збор се пријави советникот Самир Исени и постави прашање за финансиската помош за пензионерите, односно дали износот од 2000 денари за пензионерите ќе се исплати еднократно или секој месец.

На прашањето на советникот Самир Исени одговори раководителката на одделението за јавни дејности и месна самоуправа г-ѓа Каролина Насковска. Раководителката истакна дека финансиската помош за пензионерите е предвидена да се исплати еднократно и ќе ги опфаќа сите три видови на пензии - старосна, инвалидска и семејна пензија.

Бидејќи никој друг не се пријави за збор, Претседателот на Советот д-р Игор Николов ја стави на гласање првата точка од дневниот ред.

Советот на Општина Бутел ја усвои првата точка со 19 гласови „ЗА"", нема „ПРОТИВ" и нема „ВОЗДРЖАНИ".

**По втората точка од дневниот ред Предлог-План за измена и дополнување на Планот на програмите за развој на Општина Бутел за 2024 година,** збор и беше даден на претседателката на комисијата за финансирање, буџет и ЛЕР, г-ца Јасмина Кирковска да даде извештај по оваа точка.

Советничката истакна дека Комисијата го разгледа и прифати Предлог-Планот за измена и дополнување на Планот на програмите за развој на Општина Бутел за 2024 година и го доствува до Советот да го донесе во предложениот текст.

Збор му беше даден на раководителот на секторот за финансиски прашања г. Андреј Димов да даде образложение по оваа точка.

Раководителот на Секторот за финансиски прашања г. Андреј Димов даде детално образложение по Предлог-Планот за измена и дополнување на Планот на програмите за развој на Општина Бутел за 2024 година.

Претседателот на Советот д-р Игор Николов отвори расправа по втората точка.

Бидејќи никој не се пријави за збор, Претседателот на Советот д-р Игор Николов ја стави на гласање втората точка од дневниот ред.

Советот на Општина Бутел ја усвои втората точка со 19 гласови „ЗА““, нема „ПРОТИВ“ и нема „ВОЗДРЖАНИ“.

**По третата точка од дневниот ред Предлог-Измени и дополнувања на Буџетот на Општина Бутел за 2024 година,** збор и беше даден на претседателката на комисијата за финансирање, буџет и ЛЕР, Јасмина Кирковска да даде извештај по оваа точка.

Советничката истакна дека Комисијата ги разгледа и прифати Предлог-Измените и дополнувањата на Буџетот на Општина Бутел за 2024 година и ги доствува до Советот да ги донесе во предложениот текст.

Збор му беше даден на раководителот на секторот за финансиски прашања г. Андреј Димов да даде образложение по оваа точка.

Раководителот на Секторот за финансиски прашања г. Андреј Димов даде детално образложение по Предлог-Измените и дополнувањата на Буџетот на Општина Бутел за 2024 година.

Претседателот на Советот д-р Игор Николов отвори расправа по третата точка од дневниот ред.

Бидејќи никој не се пријави за збор, Претседателот на Советот д-р Игор Николов ја стави на гласање третата точка од дневниот ред.

Советот на Општина Бутел ја усвои третата точка со 19 гласови „ЗА““, нема „ПРОТИВ“ и нема „ВОЗДРЖАНИ“.

**По четвртата точка од дневниот ред Предлог-Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за доделување на спортски стипендии на спортисти на Општина Бутел,** збор му беше даден на Секретарот на Општина Бутел г. Вене Тасев да даде детален извештај по оваа точка.

Секретарот на Општина Бутел г. Вене Тасев даде детално образложение по Предлог-Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за доделување на спортски стипендии на спортисти на Општина Бутел.

Претседателот на Советот д-р Игор Николов отвори расправа по четвртата дополнителна точка од дневниот ред.

За збор се пријави советничката Оливера Ливриниќ и изјави дека износите за стипендиите се намалуваат, тоа е малку неповолно но незначително. Советничката упати барање стипендиите да бидат доделени само на спортисти кои се жители на општина Бутел.

За збор се пријави Секретарот на Општина Бутел г. Вене Тасев и потврди дека стипендиите ќе бидат доделени само на спортисти кои се жители на општина Бутел.

За збор се пријави советникот Чедо Николовски и изјави дека критериумите за добивање на стипендии се транспарентни, објасвени навремено и се согласува со колешката Оливера Ливриниќ дека намалувањето на износот на стипендиите е назначителен. Советникот нагласи дека општина Бутел е најспортска општина и единствена општина којшто доделува ваков вид на стипендии. Советникот Чедо Николовски изрази благодарност за обезбедувањето на финансиски средства за доделување на спортските стипендии на спортисти од општина Бутел.

Бидејќи Дневниот ред се исцрпи, Претседателот на Советот д-р Игор Николов констатираше дека триесет и петата седница на Советот на Општина Бутел е завршена.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА БУТЕЛ**
Д-р Игор Николов